19) Наредбата за преработувачка и замена на искршено злато за златен лим во цел на поправка забн („Службен лист на ФНРЈ", бр. 106/46);

20) Правилникот за заклучување договори за продавачка и купувачка стока („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/47);

21) Уредбата за контрола и промет на вештачки ѓубриња („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/47);

22) Уредбата за организација и работење на Државниот осигурителен завод („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/47);

23) Уредбата и Правилникот за извршување на буџетот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/47 и 57/47);

24) Уредбата за данок на промет на производи, со измени и дополненија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/47, 65/47, 75/49 и 13/50) — осем чл. 1, 5 и 7; и 21—27;

25) Уредбата за обвезното осигурување патниците на железниците против несреќен случај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/47);

26) Уредбата за данок на наследства и подароци, со измени и дополненија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/47, 6/48 и 16/49);

27) Правилникот за поморската арбитража при Трговинската комора ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/47);

28) Правилник за надворешно-трговинската арбитража при Трговинската комора ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/47);

29) Уредбата за враќање, наплата и сторнирање возаринатa и другите пристојби на државните железници и државните речни бродови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/47 и 46/48);

30) Уредбата за сузбивање полната зараза (дурина) кај копитари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/47);

31) Уредбата за организација и работење на Југословенските државни железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/47);

32) Правилникот за Институтот за океанографија и рибарство во Сплит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/47);

33) Правилникот за извршување Уредбата за сузбивање полната зараза (дурина) кај копитарите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 41/47);

34) Наредбата за задолжително полагање кај Државната инвестициона банка депозити во пари со кои ракуваат државните надлештва и установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/47 и 46/50);

35) Наредбата за сузбивање компировата златица („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/47);

36) Уредбата за организација семенска служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/47);

37) Правилникот за извршување Законот за конверзија предвоените внатрешни државни долгови и обвези („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/47);

38) Наредбата за изработување, промет и употреба на белиот метал од паладиум и злато („Паладор") за заботехнички потреби, како и контрола на овој („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/47);

39) Напатствие за спроведување Наредбата за сузбивање компировата златица („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/47);

40) Напатствието за извршување Наредбата за обвезно полагање кај Државната инвестициона банка депозити во пари со кои што ракуат државните надлештва и установи („Службен лист на ФНРН", бр. 54/47);

41) Наредбата за мерките за спречување опасности на шумски пожари кои што можат да ги предизвикаат локомотиви на шумско-индустриски железници и железници од јавниот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/47);

42) Наредбата за постапка со племенити метали и предмети изработени од овие метали кои што по било кој основ се наоѓаат на чување кај државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 60/47);

43) Уредбата за превоз на поштенски пратки со моторни возила во меѓумесниот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 66/47);

44) Решението за исплата месечните помошти на пензионерите од бившиот Пензионен фонд на разредните поштари и пословачи и на провизионистите кои што од тој фонд примале помошт („провизии") („Службен лист на ФНРЈ", бр. 66/47);

45) Напатствието за исплата (трансфер) на инвалидските припадлежности на корисниците на истите додека боравaт во иностранство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 70/47);

46) Наредбата за уводење обвезно осигурување на патници на речните, езерски и канални пловила (внатрешна пловидба) во државната експлоатација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 71/47);

47) Уредбата за обвезна изработка внатрешни (куќни) телефонски разводи во новоградбите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 83/47);

48) Правилникот за извршувањето Уредбата за контрола и прометот на вештачките ѓубриња („Службен лист на ФНРЈ", бр. 84/47);

49) Уредбата за обвезно осигурување на сите пратки кои што им се предаваат на превоз на Југословенските државни железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 90/47);

50) Уредбата за лучките накнади со измените и дополненијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 100/47);

51) Напатствието за извршување на Уредбата за данокот на промет на производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/48);

52) Уредбата за оснивање и надлежноста на Управата за материјални резерви при Претседателството на Владата на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/48);

53) Наредбата за задолжителното осигурување на државниот имот против штета што настануе поради пожар на износ кој што одговара на вредноста од тој имот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/48);

54) Наредбата за издавање уверенија за потекло на стоката наменета за извоз („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/48);

55) Уредбата за задолжително осигурување патниците во јавниот авто-сообраќај против несреќен случај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/48);

56) Правилникот за внатрешните (куќни) телефонски разводи во новоградбите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/48 и 37/50);

57) Уредбата за задолжително осигурување патниците на поморските параходи против несреќен случај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/48);

58) Правилникот за организација и работење на помошните пошти („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/48);

59) Правилникот за раководење со жилишните згради на Југословенските државни железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/48);

60) Правилникот за прогласување заштитните шуми, нивното евидентирање и раководење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/48);

61) Уредбата за начинот на регистрација и заверка на работните книги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/48);

62) Правилникот за извршување Уредбата за начинот на регистрацијата и заверката на работните книги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/48);

63) Уредбата за основањето и работењето на Сојузниот статистички уред и статистички уреди во народните републики („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/48 и 27/50);

64) Уредбата за народниот заем на Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/48);

65) Правилникот за извршување Уредбата за народниот заем на Петгодишниот план за развитокот на

народното стопанство на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/48 и 17/49);

66) Наредбата за забрана на сечењето и употребата на ариш („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/48);

67) Уредбата за отклонување и спречување зарази на добиток, со измени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/48 и 16/49);

68) Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за еднообразната техника за водење работните книги и нивните обрасци за јавните аптеки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/48);

69) Уредбата за здравствениот надзор над животните прехрани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/48);

70) Уредбата за пресметување и наплата на трошковите во државните здравствени установи („Службен лист на ФНРЈ", 56/48 и 10/49);

71) Наредбата за заштита сејанијата од пожар („Службен лист на ФНРЈ", бр. 62/48);

72) Наредбата за ликвидација на приватните акционерски друштва („Службен лист на ФНРЈ", бр. 71/48);

73) Уредбата за данокот на доход со подоцнните измени и дополненија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 71/48, 89/48, 98/49 и 7/50);

74) Уредбата за управување со националните паркови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 75/48);

75) Правилникот за организација на службата на селските поштари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 75/48);

76) Наредбата за исплата сметките на приватните претпријатија и на лицата за испорачаната стока и извршените услуги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 96/48);

77) Уредбата за спроведување валоризацијата на подрачјето припоено кон територијата на Федеративна Народна Република Југославија по договорот за мир со Италија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 99/48);

78) Правилникот за постапката за мирење пред надворешно-трговската арбитража при Трговската комора на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 102/48);

79) Правилникот за постапката на експертиза во Трговинската комора на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 102/48);

80) Уредбата за основање Главна дирекција на поморско-техничките претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 108/48 и 30/50);

81) Правилникот за отклонување мелитококоза (малтешка бруцелоза) кај овци и кози („Службен лист на ФНРЈ", бр. 111/48)

82) Уредбата за електроенергетската диспечерска служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/49 и 59/50;;

83) Уредбата за електроенергетската инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/49);

84) Наредбата за забрана на сечење брестови стебла на подрачјето на Ливада во Истра („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/49);

85) Правилникот за расходување машини, машински и електро-постројки, алат, машински и електричен прибор („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/49);

86) Правилникот за извршување на Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ бр. 12/49, 91/49 и 105/49);

87) Правилникот за расходување друмски моторни возила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/49);

88) Уредбата за штедните улози („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/49);

89) Наредбата за заштита и ограничение на сечата на црн граб („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/49);

90) Уредбата за отклонување на губарот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/49);

91) Уредбата за плаќањето на данокот на доход на приходите од окуќници и од друго лично стопанство на земјоделските домаќинства зачленети во селанските работни задруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/49);

92) Уредбата за материјалната одговорност на службениците од Министерството на железниците на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/49 и 41/50);

93) Напатствието за заштита на шумите и шумските дрвја против штетни инсекти и заразни болести („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/49);

94) Напатствието за постапката за извлечување обвезниците на Народниот заем на Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/49);

95) Уредбата за наградите, наградите и повластиците на пронаѓувачите, новаторите и рационализаторите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/49);

96) Уредбата за воздушната пловидба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/49);

97) Напатствието за спроведување на Уредбата за отклонување на губарот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/49);

98) Правилникот за извршување на Уредбата за отклонување и спречување на сточните зарази („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/49);

99) Општото напатствие за водење на книгите на економиите на државните стопански претпријатија, установи и надлештва („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/49);

100) Уредбата за измена и дополнение на Уредбата за задолжителното осигурување на патниците на поморските пароходи против несреќен случај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/49);

101) Напатствието за враќањето и прекнижувањето на погрешно платените државни приходи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/49);

102) Уредбата за организација на шумско-техничката помошна служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 64/49);

103) Правилникот за организацијата и работењето на електро-енергетската диспечерска служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 67/49);

104) Правилникот за организацијата и вршењето на електроенергетската инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 85/49);

105) Напатствието за спроведување инвентарисањето (пописот) кај државните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 70/49);

106) Основната уредба за генералниот урбанистички план („Службен лист на ФНРЈ", бр. 78/49);

107) Напатствието за склучување договори при давање помали угостителски дуќани под закуп („Службен лист на ФНРЈ", бр. 80/49);

108) Решението за применување Напатствието за водење евиденција на инвентарот и материјалот кај државните установи и надлештва што се финансираат врз основа на одобрена предсметка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 87/49);

109) Правилникот за дезинфекција на сурови кожи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 88/49);

110) Правилникот за летањето на цивилните воздухоплови на територијата на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", Прилог бр. 7 со бројот 92/49);

111) Општото напатствие за евиденција на материјалот и готовите производи кај државните стопански претпријатија од локално значење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 93/49);

112) Правилникот за службеното облекло (униформа) на службениците за шумско-техничката помошна служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 96/49);

113) Наредба за забрана на чистото сечење на шумите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 100/49);

114) Напатствието за начинот на благајничкото извршување на буџетот од месните народни одбори преку кредитните установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 108/49);

115) Напатствието за водење на книговодството кај буџетските установи и надлештва („Службен лист на ФНРЈ", бр. 108/49);

116) Правилникот за кредитираното превозење кај Југословенските државни железници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/50);

117) Наредбата за определување аконтации на данокот на доход и за планирање наплата на овие аконтации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/50);

118) Правилникот за конкурсите во областа на градежното проектирање „Службен лист на ФНРЈ", бр. 5/50);

119) Решението за формата на рационализаторското уверение („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/50);

120) Решението за формата на пронаѓувачка спецификација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/50);

121) Решението за формата на дипломата за техничко унапредување-новаторство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/50);

122) Наредбата за забрана на сечењето и употребата на техничкото дрво во огревни цели („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/50);

123) Решението за превземање на обезбеденото снабдување на инвалидите од војната и инвалидите на трудот и членовите на нивните фамилии и за дополнителното снабдување на воените инвалиди од војна со индустриски карти за вонредни потреби (ВП) („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/50) — само што се однесува до лицата што имаат право на парична надокнада по Уредбата за паричната надокнада наместо боновите за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/51) — а кои го задржале ова право и после Уредбата за ограничување важењето на Уредбата за паричната надокнада наместо боновите за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/52) и Уредбата за инвалидските принадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52);

124) Напатствието за распоредување потрошачите во потрошачки категории од сојузното обезбедено снабдување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/50) — само одредбите на точ. 2 и 8 доколку се однесуваат до лицата на кои им признаѓа парична надокнада по Уредбата за паричната надокнада наместо боновите за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/51), а кои го задржале правото на надокнада и после Уредбата за ограничување важењето на Уредбата за паричната надокнада наместо боновите за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/52) и Уредбата за инвалидските принадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52·

125) Наредбата за задолжително означување годината на завршување на градбите за капитална изградба и на градбите за општествениот стандард („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/50);

126) Уредбата за ревизија и ликвидација фондовите, административните депозити, оставнините, каушиите и паричните средства од бившите друштва („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/50);

127) Напатствието за применување Правилникот за расходување друмските моторни возила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/50);

128) Напатствието за наплатување и контрола на данокот на промет на производи од шпирит и алкохолни пијалаци, со изменувања и дополнувања („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/50, 64/50 и 55/51);

129) Правилникот за испитување и контрола квалитетот на ветеринарните лекови и лекови („Службен лист на ФНРЈ", Прилог бр. 4 со бројот 39/50);

130) Уредба за регулирање производството и прометот на отрови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/50);

131) Уредбата за вториот Народен заем на Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Федеративна Народна Република Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 40/50);

132) Напатствието за применување на Уредбата за наградите, наградите и повластиците на пронаѓувачите, новаторите и рационализаторите („Службен лист на ФНРЈ" бр. 40/50);

133) Правилникот за извршувањето на Уредбата за вториот Народен заем на Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/50);

134) Решението за стопанските дејности што се сметаат за занаети („Службен лист на ФНРЈ", број 49/50 и 7/51);

135) Уредбата за сообраќајот на јавните патишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/50);

136) Правилникот за ревизија на програмата на изградбата и за организацијата и работењето на комисиите за ревизија на програмата на изградбата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 58/50);

137) Правилникот за вршење царински надзор на Дунав („Службен лист на ФНРЈ", бр. 61/50);

138) Уредбата за воспоставување патенти и права на проналазоци, модели, фабрички и трговски жигови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 67/50);

139) Решението за категоризацијата на јавните патишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/51);

140) Правилникот за индустриските потрошачки карти на обезбеденото снабдување и за боновите на трговијата по сврзаните цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51) — само членовите 3, 5, 6, 7, 8 и 9;

141) Општото напатствие за евидентирање на материјалите и готовите производи кај државните производителни претпријатија под стопанска управа на сојузните и републиканските органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/51);

142) Правилникот за пасошите за добиток („Службен лист на ФНРЈ", бр. 7/51);

143) Наредбата за наплата данокот на промет на производи и за пазаришната добивка при исплата на сметките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/51), само што се однесува до данокот на промет;

144) Уредбата за изградба на станбени згради на работниците и службениците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/51);

145)Уредбата за примопредавањето на должноста на службениците на државните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/51);

146) Решението за висината на надокнадата за услуги на јавните возтухопловни пристаништа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/51);

147) Решението за амортизационниот план и за планот на згодитоците на II Народен заем на Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/51);

148) Решението за утврдување и исплата на надокнадата за стоката и инвентарот преземен од приватните трговски дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/51);

149) Правилникот за индустриските бонови и за откупните бонови што се уводат наместо досегашните индустриски потрошачки карти и боновите на трговијата по сврзаните цени („Службен лист на ФНРЈ" број 31/51), само чл. 2, 3, 13 и 14;

150) Правилникот за документацијата во книговодството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/51);

151) Уредбата за изградба на инвестиционите објекти на селанските работни задруги и за ослободувањето на селанските работни задруги од инвестиционите долгови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/51);

152) Напатствието за извршување Уредбата за изградба на станбени згради на работниците и службениците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/51);

153) Уредбата за наплата на доспеаните обврски спрема буџетот и општодржавниот амортизационен фонд („Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/51) — само во поглед на буџетските приходи од фондот на основната инвестициона изградба;

154) Решението за единствените продавни цени на мало за тутун, преработки од тутун, кибрит и книги за цигари („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/51) — осем за кибритот и за видовите на цигарилја опфатени со Решението за намалување единствените цени во продажбата на мало на поодделни видови цигарилја од поранешното производство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/52);

155) Уредбата за паричната надокнада наместо бонови за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", број 48/51) — осем за лицата во работен однос;

156) Напатствието за постапката при исплата на паричната надокнада наместо бонови за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/51 и 53/51 — само за лицата споменати во чл. 3 точ. 3/6 од Уредбата за паричната надокнада наместо бонови за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/51); а што се однесува до инвалидите само за оние што не се опфатени со Уредбата за инвалидските припадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52);

157) Решението за финансирање на ученичките домови и другите социјални установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/51) — осем прописите под в) од точката 1;

158) Решението за разврстување фамилијарните инвалиди во потрошувачки категории („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/51) — само за инвалидите што не се опфатени со Уредбата за инвалидските припадлежности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52);

159) Решението за давање парична надокнада наместо бонови за прехрана на лицата што примаат државна помош како членови на фамилија чии хранители се наоѓаат на отслужување постојаниот кадар во Југословенската армија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/51);

160) Решението за начинот на плаќање придонесот во ученичките домови и во други социјални установи („Службен лист на ФНРЈ", бр 49/51);

161) Напатствието за применувањето на чл. 14 од Уредбата за паричната надокнада наместо бонови за прехрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/51);

162) Уредбата за арондација на земјиштата на селско-стопанските добра и на селанските работни задруги („Службен лист на ФНРЈ", 50/51);

163) Наредбата за забраната да се прима и да се држи депозит од страна на претставништвата и делегатите во странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/51);

164) Уредбата за поделба на добивот на занаетчиските задруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/51);

165) Наредбата за забрана на изнозот на тврда ржена главница („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/51);

166) Наредбата за определување артиклите кои можат да се купуваат на индустриски бонови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/51);

167) Решението за начинот на плаќање претплата во општите студентски мензи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/51);

168) Напатствието за составање, разгледување и одобрување на завршните сметки за 1951 година на државните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/51);

169) Напатствието за водење на книговодството кај селанските работни задруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/51);

170) Решението за формирање продавните цени на суровините и полупроизводите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51) — само за електрична енергија, бензин, петрол за мотори, плинско уље и шекер;

171) Уредбата за постапка на ликвидација на стопанските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", 57/51);

172) Правилникот за плаќање радио-претплата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51);

173) Решението за основните цени на суровините и полупроизводите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51) — само за електрична енергија, бензин, петрол, уље за мотори, плинско уље и шекер;

174) Напатствието за извршување на Наредбата за издавање овластенија за вршење извоз и увоз и други работи во меѓународниот промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51);

175) Наредбата за издавање овластенија за вршење извоз и увоз и други работи во меѓународниот промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51);

176) Решението за утврдување паритетот на динарот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 58/51).

Член 6

Доколку поодделни одредби во прописите споменати во чл. 4 и 5 од оваа уредба се во спротивност со прописите донесени по 1 јануари 1952 година или со начелата на новиот стопански систем — нема да се применат.

Надлежностите предвидени со прописите споменати во чл. 4 и 5 од оваа уредба за поодделни државни органи, ќе ги вршат оние органи што ги презеле работите од укинатите органи и организации.

Одредбите за прекршоците од областа на стопанството содржани во Уредбата за согласување на посебните прописи за прекршоци во уредбите и во другите прописи донесени од Владата на ФНРЈ и од нејзините органи со одредбите на Основниот закон за прекршоци („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/51); ќе се применуваат и натаму ако во смисла на прописите од оваа уредба останал во сила основниот пропис со кој се предвидени тие прекршоци (чл. 4 и 5 од оваа уредба).

Член 7

Напатствија и објаснениј за применување на оваа уредба ќе дава Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

29 јули 1952 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Стопанскиот совет,
Борис Кидрич, с. р.

490.

Врз основа на чл. 38 и 39 од Уредбата за основите на работењето на стопанските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/52), а во врска со Уредбата за укинување задолжителниот откуп на житата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/52), издавам

НАРЕДБА
ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ПРОМЕТОТ СО ЖИТАТА

1. Со купување жита (пченица, ѓрж, јачмен, овес и пченка) непосредно од производителите со цел за препродажба можат да се занимаваат само овластените претпријатија за промет со жита (Претпријатијата на житниот фонд односно „Житопромети"). Овие претпријатија можат да купуваат жита само на своето работно подрачје.

Врз основа на склучен договор за сметка на претпријатијата од претходниот став, како комисионери можат, исто така, да купуваат жита државните селско-стопански добра, мелниците и општите земјоделски задруги. Општите земјоделски задруги можат да го вршат ова купување само од своите членови.

Стопанскиот совет на владата на народната република може да ги овласти претпријатијата за производство на пиво да можат непосредно од производителите да ги преземаат контрахираните количини пиварски јачмен.

2. Од овластените откупни претпријатија од точ. 1 на оваа наредба житата и нивните преработки можат да ги купуваат:

а) трговските претпријатија на мало со цел за продажба на потрошувачите;

б) производните претпријатија со цел за преработка и гоење свињи, како и за прехрана на спрежниот добиток;

в) општите земјоделски задруги и селанските работни задруги поради снабдување на своите членови;

г) угостителските претпријатија, угостителските, слаткарските и пекарските дуќани за потребите на своето работење.

Претпријатијата, задругите и дуќаните споменати во претходниот став не можат да купуваат жита и нивни преработки непосредно од производителите, ниту за други потреби и цели освен за оние што се споменати во претходниот став.

Овластените откупни претпријатија од точ 1 на оваа наредба можат да им продаваат жита и нивни преработки само на оние купувачи споменати под а) до г) од ст. 1 што се наоѓаат на нивното работно подрачје.

3. Селанските работни задруги и државните селско-стопански добра можат житата и нивните преработки од своето производство да ги продаваат и непосредно на потрошувачите во своите продавници или на пазар на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

4. Индивидуалните производители можат своите жита и нивните преработки да ги продаваат на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

5. Индивидуалните потрошувачи можат да купуваат за свои потреби жита и нивни преработки на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија.

6. Со парична казна до 10.000 динари ќе се казнат за прекршок:

а) одговорните лица на претпријатијата, задругите и дуќаните, пекарите и слаткарите што вршат купување или продажба на жита и нивни преработки спротивно на прописите од точ. 1 и 2 на оваа наредба;

б) индивидуалните потрошувачи што купуваат жита и нивните преработки со цел за препродажба или кои ги препродаваат купените производи.

7. Против претпријатијата и стопанските организации кои неовластено купуваат жита и нивни преработки спротивно на прописите на оваа наредба ќе се применат стопанско-управните мерки и казнените одредби предвидени со Уредбата за основањето и дејноста на трговските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/52).

8. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", на кој ден престанува да важи Наредбата за регулирање прометот со жита („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/51).

Бр. 1142
26 јули 1952 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Стопанскиот совет,
Борис Кидрич, с. р.

491.

Врз основа на точ. 4 од Решението за изменување на тарифите во железничкиот сообраќај, точ. 4 од Решението за изменување на тарифите во речниот сообраќај, и точ. 4 од Решението за изменување на тарифите во поморскиот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/51), а во согласност со Претседателот на Советот за сообраќај и врски на Владата на ФНРЈ пропишуваме

НАПАТСТВИЕ

ЗА ИЗМЕНУВАЊА И ДОПОЛНУВАЊА ЗА ДАВАЊЕ ПОВЛАСТИЦИ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗА ВОЗЕЊЕ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ, РЕЧНИОТ И ПОМОРСКИОТ СООБРАЌАЈ

1. Точ. 12 од Напатствието за давање повластици на работниците и службениците за возење во железничкиот, речниот и поморскиот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/51) се менува и гласи:

„Загубената легитимација не може да се замени со нова.

По исклучок, директорот на Главната дирекција на југословенските железници ќе одобри замена на загубена односно случајно уништена легитимација, со тоа што новата легитимација да може да се користи само за повластица за патување на годишен одмор.

Нова легитимација ќе се издава врз основа на потврда од надлежниот раководител и од претседателот на синдикалната подружница дека носителот на правото на повластица за возење не го искористил годишниот одмор, а при издавањето во легитимацијата ќе се поништат сите други рубрики за повластено возење, освен рубриката за користење годишен одмор."

2. Ова напатствие влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 1288
29 јули 1952 година
Белград

Министер на поморството на ФНРЈ,
Макс Баќе, с. р.
Директор на Главната дирекција на југословенските железници,
Благоје Богавац, с. р.

Согласен,
Го застапува
Министерот на Владата на ФНРЈ
Претседателот на Советот за сообраќај
и врски,
Министерот на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за индустрија
и градежништво,
Светозар Вукмановиќ, с. р.

Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, по извршеното сравнување со изворниот текст установи дека во текстот на Уредбата за определување и преводење на пензиите и инвалиднините („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/52) се поткрале долу наведените грешки, и дава следна

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ПРЕВОДЕЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ИНВАЛИДНИНИТЕ

1) Во поднасловот пред чл. 9 од уредбата место „2)" треба да стои „2.".

2) Во чл. 69 од уредбата, ст. 3, во третиот и четвртиот ред, место „мирнодопските инвалиди" треба да стои „мирнодопските воени инвалиди".

Од Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ, 29 јули 1952 година.

СОДРЖАЈ:

Страна

489. Уредба за согласување прописите на сојузните органи на државната управа од областа на стопанството со новиот стопански систем — — — — — — — — — — — 749
490. Наредба за регулирање прометот со житата 763
491. Напатствие за изменување и дополнување на Напатствието за давање повластици на работниците и службениците за возење во железничкиот, речниот и поморскиот сообраќај — — — — — — — — — — — — 764
Исправка на Уредбата за определување и преводење на пензиите и инвалиднините — — 764

Издавачи „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачка установа — Белград, Улица Кралевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Кралевиќа Марка бр. 9. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград